## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агим Џелили, Теута Арифи, Селвие Салиу, Аднан Јашари, Џезаир Шаќири, Мендух Тачи, Лилјана Поповска, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Патар Наумовски, Сашко Кедев, Игор Ивановски, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓеорѓиев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, претседателот на Основниот суд во Гостивар, претседателот на Државната изборна комисија и претставниците на Советот за радиодифузија.

Констатирам дека со поставувањето на вонреден и ополномошен амбасадор на Република Македонија во Република Австрија на госпоѓа Весна Борозан и престана мандатот пратеник на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека со поставувањето за вонреден и ополномошен амбасадор на Република Македонија во Република Турција на госпоѓа Мелпомени Корнети и престана функцијата заменик на министерот за култура.

Бидејќи има подигнато 40 картички, значи дека не можеме да продолжиме со работа бидејќи треба да усвоиме некои дополнувања на точки на дневен ред, според членот 66, објавувам пауза не до 11,30 часот, туку до 12,30 затоа што имам средба за половина час со господинот Санадар.

Пауза до 12,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,45 часот)

Ги молам пратениците да седнат на своите места

Од моја страна едно извинување што доцниме 15 минути, но средбата со господинот Санадер заврши пред малку.

Почнуваме со работа.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Предлогот за верификација Ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања да ја образложи итната и неодложна потреба верификацијата на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата, господинот Борис Кондарко. Повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања заседаваше и го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија, после настапување на неспоивоста на институциите на пратеникот Весна Борозан, на нејзино место да дојде наредниот од листата во Изборната единица 1, госпоѓата Зеррин Абаз од Демократската партија на Турците и од Коалицијата "За Македонија заедно". На госпоѓата и е издадено уверение за пратеник, така што согласно Извештајот на Комисијата предлагаме, согласно член 16 од Деловникот на првата наредна седница, а тоа е оваа, Собранието да го верифицира мандатот на госпоѓата Зеррин Абаз.

Од тие причини предлагаме да се дополни дневниот ред.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата верификацијата да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

71 пратеник гласале, претпоставувам дека се толку и присутни, можеби и повеќе, но сигурно 71 гласале, од нив 71 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Го мола претставникот на Владата, односно министерот за здравство господинот Владо Димов да ја образложи потребата од итноста или скратената постапка. Повелете.

**Владо Димов:** Благодарам претседателе.

Со оглед на заклучоците на Владата што беа донесени со утврдување на мерките за санација на состојбите во здравството и со оглед на состојбите во здравството, како неопходност да се остварат потребни се средства во Буџетот на фондот за здравствено осигурување за подобрување на здравствената заштита на граѓаните на Република Македонија. Во тој дел е обврската на Министерството за здравство, на Министерството за финансии, Фондот за здравствено осигурување да на ваков начин придонесат за обоезбедување, на еден

порелевантен начин и враќање на долговите, на достасаните долгови во здравството, заради што е и итноста од донесување на овој закон сега.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон да се донесе во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

68 пратеници гласале, од нив 63 гласале за, 3 воздржани, 2 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Пратеникот Цветанка Иванова предлага дневниот ред на оваа седница да се допони со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви се поделени.

Повелете госпоѓо Иванова, образложете го вашето барање.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Барам на оваа седница да се дополни дневниот ред со точка Предлог за изменување и дополнување на Законот за основно образование, затоа што сметам дека со последните измени на Законот за основно образование се воведоа некои критериуми што треба да се исполнат за вработување во основното образование, односно во нулта групата. Сметам дека ова е времето кога треба да се донесе овој закон, затоа што подоцна лицата на кои се однесуваат овие одредби нема да можат да ги исполнат критериумите, треба да има доволно време.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратеникот Цветанка Иванова го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеници гласале, 61 гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Зоран Томиќ и Јанаќе Витановски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се допол ни со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закнот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итноста овој предлог да биде на оваа седница.

Кој ќе ја образложи итноста?

Господине Томиќ повелете.

**Зоран Томиќ:** Во примената на Законот за вршење на нотарски работи се покажа дека определени одредби, поради непрецизности или нејаснотии овозможуваат на нотарите различно, односно нееднакво постапување при составување на издавање на исти нотарски исправи, односно при обавување на други нотарски дејствија.

Со овие предлог-измени предлагаме истиот закон да се допрецизира, со што поефикасно ќе заживее истиот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратениците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

66 пратеници гласале, 64 гласале за, 1 воздржан, 1 против предлогот.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мајка Тереза", потоа Предлозите за избор на членови на Советот за радиодифузија, потоа Предлог на одлука за именување членови на Комисијата на Собранието на Република Македонија за решавање на жалби од областа на радиодифузијата и на крај, Предлозите за именување на членови на Советот на Македонската радиотелевизија.

Заради рационалност, господине Петров, повелете, образложете ги сите предлози, а ќе гласаме, праксата ја знаете, за секој од нив поединечно.Повелете.

**Каме Петров:** Благодарам претседателе.

На денешнава, 135-та седница на Собранието на Република Македонија има потреба од дополнување со уште 4 точки во дневниот ред.

Една од точките е потребата од именување Одбор за државната награда "Мајка Тереза", што и вие ја спомнавте, а останатите се однесуваат за заокружувањето на активностите на Собранието на Република Македонија за имплементација на Законот за радиодифузна дејност.

Бидејќи сите овие одлуки се поврзани со рокови и со обврски, ве замолувам, согласно итната и неодложна потреба, утврдена со членот 66 на Деловникот на ова Собрание овие точки да бидат вградени во денешниот дневен ред според предлозите на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мајка Тереза" да биде разгледан оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеници гласале, 62 гласале за, нема воздржани, неме против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлозите за избор на членови на Советот за радиодифузија да бидата разгледани на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

53 гласале, 53 за, нема воздржани, нема против, а во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлог на Комисијата Предлогот на одлуката за именување членови на Комисијата на Собранието на Република Македонија за решавање на жалби од областа на радиодифузијата да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 58 гласале, 55 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата предлозите за именување на членови на Советот на Македонската радио-телевизија да бидат разгледани на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 57 гласале, 56 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Републичкиот судски совет предлага на оваа седница да се разгледаат Предлозите за разрешување на судии на основните судово во Гостивар, Радовиш, Скопје I - Скопје и Скопје II - Скопје.

Предлозите Ви се доставени.

Го молам претседателот на Републичкиот судски совет да ја образложи итноста овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Републичкиот судски совет.

Повелете госпоѓо Софрониевска.

**Ленче Софрониевска:** Со оглед на тоа што за неколку дена стапува во сила, треба да се применува новиот Закон за извршување, тројца судии од Основниот суд Скопје I - Скопје и Скопје II - Скопје се именувани за судски извршители и тие поднесоа барање за разрешување, а заради обавување на функцијата сметавме дека е потребно на една седница да биде разгледано.

Двајца судии ги исполнија условите за пензија и треба да почнат да го остваруваат правото на пензија.

Еден судија веќе 7 месеци не ја обавува функцијата, затоа што како сопруг на наш дипломатски претставник во странство е отиден и нему му мирува работниот однос. А, бидејќи не постои мирување на судиската функција за неговиот случај, сметавме дека треба на оваа седница да биде разгледано. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 73 присутни, 60 гласале, 58 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Законодавно-правната комисија предлага на оваа седница да се разгледаат Барањето за давање на автентично толкување на членот 40 став 1 од Законот за Градот Скопје, поднесено од градоначалникот на Град Скопје, потоа Барањето за давање автентично толкување на членот 165 точка (4) од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Киро Дојчиноски и Барањето за давање автентично толкување на членот 96 од Законот за основното образование, поднесено од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Заради рационалноста предлозите ќе бидат образложени сите одеднаш, а гласањето за секој од нив ќе го вршиме поодделно.

Повелете госпоѓо Иванова имате збор.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Барам дневниот ред на оваа седнива да се дополни со Барањето за давање на автентично толкување на членот 40 став 1 од Законот за Градот Скопје, поднесено од градоначалникот на Град Скопје, Барањето за давање автентично толкување на членот 165 точка (4) од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Киро Дојчиноски и Барањето за давање автентично толкување на членот 96 од Законот за основното образование, поднесено од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Зошто барам на оваа седница да се разгледаат овие барања, затоа што мислам дека, за да се избегне нееднаквото толкување и примена на овие членови е потребно Собранието да ги стави и разгледа овие барања на оваа седница.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата Барањето за давање на автентично толкување на членот 40 став 1 од Законот за Градот Скопје, поднесено од градоначалникот на Град Скопје да биде разгледано на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 68 присутни пратеници, 60 гласале, 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата Барањето за давање автентично толкување на членот 165 точка (4) од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Киро Дојчиноски да биде разгледано на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, 57 гласале, 55 гласале за,1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата Барањето за давање автентично толкување на членот 96 од Законот за основното образование, поднесено од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да биде разгледано на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 55 гласале, 54 гласале за,1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Зоран Томиќ предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатурата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам предлагачот да ја образложи итноста на овој Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон да биде разгледан на оваа седница.

Има збор пратеникот Зоран Томиќ. Повелете.

**Зоран Томиќ:** На минатата седница ги донесовме измените и дополнувањата на Законот за одвокатурата, меѓутоа видно од реакцијата по објавуањето во "Службениот весник" се појавија одредени недојаснотии или недоречености, а со предложените измени и дополнувања на овој Предлог на закон се смета дека ќе се постигне поголем професионален однос на адвокатите во извршувањето на адвокатската дејност и поголема гаранција на заштита на интересите на странките.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Томиќ.

Ова е рекорд во измени и дополнувања на еден закон што е донесен. Ниту стапил на сила, а веќе измени.

Предлогот на пратеникот Зоран Томиќ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

72 пратеници присутни, 58 гласале, 57 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Овластениот претставник на предлагачот на Предлогот на Законот за заштита на правата на лицата со хендикеп побараа на оваа седница да не се разгледува Предлогот на овој закон. Тоа Ви е поделено писмено, па затоа овој закон нема да биде на дневниот ред. Следниот Парламент, претпоставувам, дека ќе го гледа овој закон.

Според тоа, за денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;

2. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан;

3. Предлог на одлука за испраќање на единици на армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан;

4. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан;

5. Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операцијата во Ирак;

6. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР Алтеа;

7. Предлог на одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2006 година;

8. Предлози за разрешување на судии на основните судови во Кичево, Тетово, Гостивар, Радивиш, Скопје I - Скопје и Скопје II - Скопје;

9. Предлог за избор на судии поротници на Основниот суд во Гостивар;

10. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мајка Тереза";

11. Предлози за именување на членови на Советот за радиодифузија;

12. Предлози за именување на членови на Советот на Македонската радиотелевизија;

13. Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата на Собранието на Република Македонија за решавање на жалби од обласга на радиодифуцијата;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за измена на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки за тарифните квоти за увоз на шеќер и производи од шеќер со потекло од Република Македонија во Заедницата, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за преземање на лица со незаконски престој на нивните територии, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за превземање на лица со незаконски престој на нивните територии, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Рамковната Конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање акти на нуклеарен тероризам, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија, со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договор за заем за Проектот за имплементација на реформите во правниот и судскиот систем и институционална поддршка, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, кој ќе се склучи помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија "Електрани на Македонија", во државна сопственост, Скопје и Depfa Invenstment Bank Limited од Никозија, Кипар наменет за имплементација на втората фаза Проектот ХЕЦ Света Петка од страна на АД "Рико" од Љубљана, Словенија со Предлог на закон.

20. Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

21. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државна телевизија, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, со Предлог на закон;

26. Предлог на закон за филмскиот фонд на Република Македонија ;

27. Предлог на закон за еднакви можности на жените и мажите;

28. Барање за давање автентично толкување на членот 40 став 1, од Законот за Градот Скопје, поднесено од градоначалникот на Град Скопје;

29. Барање за давање автентично толкување на член 165 точка 4 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Киро Дојчиноски;

30. Барање за давање автентично толкување на членот 96 од Законот за основното образование, поднесено од градоначалникот на општина Ѓорче Петров;

31. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

32. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи, со Предлог на закон;

33. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура, со Предлог на закон;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Бидејќи нема, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

66 гласале, 64 за, два воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дали некој има предлози за редоследот на дневниот ред.

Господине Макрадули повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, би сакал да предложам измени на редоследот на дневниот ред, согласно Деловникот и членовите 71, 72 и 73 и тоа предлагам Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој за имплементација на реформите во правниот и судскиот систем и институционална поддршка односно точка 18 да биде точка 2. Точката 19 од дневниот ред што вие го прочитавте Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем кој се однесува на втората фаза од проектот Света Петка да биде точка 3. Предлагам гочката 21-Предлог на измените на Законот за здравствена заштита, да дојде точка 4, односно после верификација на мандатот на нашата нова колешка, да отидеме на овие три точки, па потоа би продолжиле со делот на пакетот на закони од Министерството за одбрана.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот го слушнавте. Точката 18 е прочитана, исто така и точката 19 и точката 21, да бидат после верификација на мандатот, што значи точка 2, точка 3 и точка 4.

Предлогот на пратеникот Јани Макрадули го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

67 гласале, 59 гласале за, еден воздржан, 7 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Бидејќи нема пријавени, со тоа го затворам и овој дел од дефинирање на дневниот ред. Значи, имаме мали измени и во текот на расправата ќе се подели конечниот изглед на дневниот ред.

**Минуваме на точка 1: Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија**

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловични и мандатно имунитетни прашања.

Дали некој бара збор? (никој)

Ги молам пратениците да влезат во салата, затоа што сега се работи за нивни иден колега.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

68 пратеници се присутни.

Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања за верификација на мандатот на пратеникот Зеррин Абаз .

Ве повикувам да гласаме.

66 гласале, 66 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Зеррин Абаз.

Од моја страна честитки на новиот пратеник, во мое и во ваше име.

Повелете, картичка за гласање

**Минуваме на точка 2: Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светска банка по Договор за заем за проектот за имплементација на реформимте во правниот и судскиот систем, институционална поддршка, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието гу усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светска банка по Договор за заем за проектот за имплементација на реформите во правниот и судскиот систем и институционална поддршка.

Ве повикувам да гласаме.

62 гласале, 62 за, нема воздржани, нема против, а присутни се 65 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 60 гласале, 60 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збот, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 гласале, 64 за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување.

**Минуваме на точка 3: Предлог за донесувањ на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија "Електрани на Македонија", во државна сосптвеност Скопје и Depfa Invenstment Bank Limited, од Никозија, Кипар наменет за имплементација на втората фаза на проектот ХЕЦ "Света Петка" од страна на АД "РИКО" од Љубљана, Словенија со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет, ви се доставени.

Отворам претрес поПредлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договор за заем кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија, електрани на Македонија во државна сопственост Скопје и банката од Никозија, Кипар наменет за имплементација на втората фаза од проектот ХЕЦ "Света Петка" од страна на АД "Рико" од Љубљана, Словенија.

Ве повикувам да гласаме.

66 присутни, 57 гласале, 57 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

65 присутни, 55 гласале, 55 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот, Предлогот на законот6 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

66 присутни, 54 гласале, 54 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија .

**Минуваме на точка 4: Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе,

Јас бев убедена дека министерот за правда ќе даде образложение зошто го предлага законот.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, ова не ви е прв пат да бидете убедена, има тактики, има системи, вие се пријавувате и не ве интересира .

**Силвана Бонева:** Еве, и моја тактика нека е тоа прво да го слушнам образложението на министерот.

**Љупчо Јордановски:** Заради вашата тактика, да не добиете збор, затоа што на време нема да се пријавите. Повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам. Оваа измена на Законот за здравствена заштита е многу мала, со една реченица се бара парите од продажбата на аптеките, наместо да одат во Буџетот на државата, да одат на сметка на Буџетот на Фондот.

Но, пред да се премине на гласање на овој така мал предлог на закон , јас би сакала Владата односно министерот точно да каже за што точно ќе се наменат парите од продажбата на аптеките и дали средствата ќе се потрошат само за зголемување на платите.

Понатаму, зошто Владата инсистира аптеките да ги продаде во пакети, кога ако би се продавале една по една, средсвата кои што ќе се соберат ќе бидат многу поголеми и тоа е согласно со препораките на Светската банка искажани во АИТ-мемоарот од декември 2003 година.

Понатаму, дали постои можност продадените аптеки да се пренаменат за вршење на друга дејност, поточно што значи промената на членот 200-е со Законот за здравствена заштита, со кој што повеќе оние кои ќе ги купат аптеките немаат обврска да направат договор со Министерството за здравство, со кое особено се уредува начинот на вршење на дејноста и обврската за континуирано вршење на дејноста. Бидејќи, тоа е прашање од животно значење за сите вработени во аптеките кои што ќе се продаваат, бара министерот за здравство да даде образложение дали тоа значи бришење на обврската која што се утврди со Законот за јавните претпријатија, за установите, каде што во членот 106, односно во членот 110 кажавме дека закупецот не може да ја промени дејноста која се вршела во делот од јавната установа или со средствата на јавната установа што се предмет на закупот, ниту да го издава предметот на закуп во подзакуп без согласност на надлежното Министерство. Сега, оваа обврска се брише, дали тоа важи за оние кои што сега ќе ги купат аптеките, на тој начин да се изгуби сугурноста на вработените дека 5 години ќе биде гарантирана дејноста и нивното работење во тие аптеки.

Министерот за здравство Владо Димов и директорот на Фондот, јасно во повеќе наврати со изјави во медиумите најавија дека парите од продажбата на аптеките ќе се искористат за покачување на платите. Понатаму, после притисокот кој што му беше наметнат на министерот за здравство од медиумите и од јавноста која е заинтересирана и од нас како опозиција, тој ја промени неговата изјава и рече дека парите сега нема да се користат за покачување на платите. Тогаш, од кои пари ќе им се обезбеди покачување на платите на вработените во здравството кога Фондот за здравство е во официјални долгови од 80 милиони евра, а неофицијално повеќе од 100 милиони евра. Кога голем број болници и медицински центри се со блокурани сметки, кога палтите на вработените во здравството постојано доцнат и се нередовни. Почетната цена со која се стартува лицитацијата за продажба на 22 аптеки, од кои аптеката "8-ми Септември" и Дирекцијата ќе се продаваат како посебни целини, како една аптека во наслебата карпош, која има и галенска лабораторија е три ипол милиони евра. Останатите 16 аптеки кои функционираат во склоп на амбулантите и поликлиниките, ќе се дадат под концесија. Со колективниот договор беше договорено платите на околу 25.000 вработени во здравството да се зголемат во просек за 10% или во маса тоа е околу 45 милиони денари за сите вработени на месечно ниво и половина милијарда денари на годишно ниво. Покачувањето ќе ја чини државата околу 10.000.000 евра годишно, а парите од продажбата на аптеките ќе бидат помали., Како тогаш ќе се надополни разликата во услови на постојан дефицит на Фондот и постојано опаѓање на квалитетот на услугите во сите здравствени установи. Немање на основни средства за работа , потрошен материјал, греење преку зима и сл. Ние како политичка партија во повеќе наврати инсистиравме продажбата на аптеките да се изврши една по една, а не сите во пакет. Самиот предлог скопските аптеки да се продадат во целост е апсурден ако Владата сака да добие повисока цена и ако сака да ја зголеми конкурентноста, ако аптеките се продадат една по една , поединечната цена за секоја аптека ќе биде многу повисока, одколку цената за сите аптеки продадени одеднаш.

Аргументите дека поединечната приватизација ќе остави некои од вработените без работа, едноставно не држат вода, напротив, во таквата приватизација ќе можат да учествуваат и помалите претприемачи, сопственици на мали семејни бизниси. Од тие причини, со продавањето на скопските аптеки во целост директно ќе се наруши конкурентноста на фармацевтскиот пазар и ќе се создаде можност од формирање нови или зајакнување на постојните синџир аптеки кои ќе ги диригираат цените и снабденоста со лековите на населените. Оваа здравствена власт не направи ништо за да го спречи формирањето на синџирот производители на лекови и сопственици на веледрогерии. Никаде во светот не постои пример во кој еден производител на лекови може да има сопствена малопродажба, уште помалку сопственик на веледрогерија да има своја аптека. Токму тие недоречености се директна причина цените на лековите во сите аптеки да бидат различни и да има огромни разлики во цените од една до друга аптека.

Морам да напомнам дека она за што се залагаме во целост се совпаѓа и со препораките на

Светската банка искажани во АК мемоарот од декември 2003 година во делот "Б" кој се однесува на приватизацијата на аптеките. Тоа се токму тие документи на кои често пати министерот за здравство Владо Димов се повикува кога ги брани неговите реформски потези. Ќе прочитам само неколку цитати од овој документ.

Во документот се вели: "Ќе има поголем број заинтересирани купувачи на аптеки кога истите би се продавале како помали единки отколку во пакет. Последователно вкупната цена на секоја аптека ќе биде поголема отколку средствата кои ќе се добијат од продажба во единствен пакет. Ќе биде многу полесно да се продадат помали единки отколку една голема целина на аптеки. Ова подразбира и помал ризик за Владата да треба да ги изнајмува аптеките ако не се продадат.

Најбитниот и јасен бенифит од поединечната продажба на аптеките е дека на тој начин ќе се обезбеди поголема конкурентност во фарматевскиот пазар.

Бенефитот од приватизацијата е во конкуренцијата, но не само во цената, туку и во квалитетот на услугите кои што ќе им се нудат на пациентите.

Продажбата на аптеките како единствена целина го носи ризикот да се создадат доминантни синџири од аптеки на пазарот што ќе ги наруши сите идни придобивки на граѓаните од приватизацијата, како што се подобрите услуги и пониските цени".

Значи, овие цитати се од документот на Светската банка, препораки од АК мемоарот од декември 2003 година. Мислам дека не е потребен коментар. Значи, сето она што го препорачува во овој документ Светската банка, оваа Влада и овој министер за здравство го крши со продажбата во целост на аптеките кои што во моментот имаат намера пред избори да ги продадат.

Од тие причини најпрво бараме одговор од министерот за здравство за сите овие поставени прашања за да можеме понатаму со сигурност да знаеме што ќе добиеме од ваквата промена на законот за здравствена заштита. Да им биде јасно на сите здравствени работници дали навистина со ваквата измена на законот и со продажбата на аптеките, како што предвидува оваа Влада дали навистина ќе се обезбеди покачувањето од 10% на платата на вработените во здравството, дали ќе има проблеми околу исплатата на ваквото покачување на платите и што навистина ќе се обезбеди на тој начин со тоа што се префрлуваат само парите во Фондот за здравство и до кога ќе има пари во Фондот од продажбата на аптеките за да исплаќа плати. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Гештаковски, три минути за реплика.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе.

Господине претседателе, очекував да ја прекинете мојата ценета колешка бидејќи беше надвор. . .

**Љупчо Јордановски:** Не беше надвор, таа си образложуваше со различни документи.

**Кире Гештаковски:** Сега се разговара само за средствата од продажбата на аптеките да не одат во Буџетот, да одат во Фондот за здравствено осигурување. Не е тема ни моделот на приватизација, ни како да се приватизираат аптеките и т.н.

Сакам кратко да реплицирам.

Не може ВМРО-ДПМНЕ да се однесува стално, во два наврати во една иста точка популистички. Три ипол години жалеа и кукаа за слабата социјална состојба на здравствените работници, за малите примања како треба да се зголемат и кога се овозможи тоа на еден ваков начин да се соберат доволен број на средства, бидејќи факт е дека прибирањето на средства од Фондот за здравствено осигурување е такво какво што ни е. За да се зголемат платите на сите здравствени работници, и на лекарите и на средниот медицински персонал потребни се нови средства. Да, госпоѓо пратеничке дел од средствата од продажбата на аптеките ќе се употребат за зголемување, покачување на платите на здравствените работници, бидејќи тоа го уредивме, но поголемиот дел ќе се употребат во капитални инвестиции односно во усовршување, опремување, купување на нова модерна апаратура и за крпење на некои дотраени здравствени организации. Значи, она што постојано критикувате дека не се работи кога ќе дојде на дневен ред тогаш се изјаснувате против таквото законско решение.

Никаде не било случај, во излагањето на мојата колешка се вели дека сопственик на веледрогерија имал аптеки во малопродажба. Па, вратете се 4 години, во вашата влада имаше такви случаи и не преземавте ништо тоа да го спречите. Не може така дволично да дискутирате. Она што го работевте претходните 4 години брзо го заборавивте, а сега го критикувате она што вие не успеавте за тие 4 години да го поправите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Колку што знам вие не сте министер за здравство. Прашањата конкретно му беа поставени на министерот за здравство.

Околу тоа ние цело време зборуваме дека на здравствените работници треба да им се покачи платата а сега како да сме ние против. Токму заради тоа што сме загрижени заради нив, токму заради тоа што сметаме дека овие пари не се доволни го прашуваме министерот за здравство од каде ќе бидат обезбедени парите и што ќе се случи во моментот кога нема што да продавате за да им дадете плата на здравствените работници. Кога се ќе се распродаде, што ќе се случи тогаш, од каде ќе земаат тие пари.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Лалчевска, имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Ќе бидам кратка онолку колку што е кратка и измената која се предлага на законот за здравствена заштита. Инаку, од членот кој се предлага за измени наместо средствата од продажбата да одат во Буџетот, се предлага да одат во Фондот за здравствено осигурување. Воопшто нема да навлегувам во законското следствие на измените и дополнувањата на одредени закони кои што беа менувани уназад година дена за да се отвори законска можност за понуда на едно вакво решение, ќе се задржам исклучиво на образложението кое го дава предлагачот дека со ова ќе се обезбеди порационално решение. Сега се прашувам дали? Се прашувам дали бидејќи уназад во Фондот за здравство ни се случуваа афери, ни се случуваа огромни долгови, ни се случуваа силни потреси. Дали во една таква атмосфера и клима на функционирање на Фондот за здравство, ова ќе биде порационално решение. Јас тврдам не затоа што се додека не се смират состојбите кои го потресуваат Фондот за здравство илузорно е да очекуваме дека нови пари ќе бидат рационално искористени. Јас се плашам дека и после одредени изјави на првите луѓе на Фондот и на министерот за здравство дека можат да се искористат дури и за плати, а тоа е најлошото и најнерационалното решение бидејќи платите ќе се потрошат веднаш, а состојбите во Фондот и воопшто во здраството ќе останат онакви какви што се.Тоа е една работа.

Друга работа, ние сме навистина пред одржување на избори и мислам дека премногу брзаме да влеземе со едно вакво решение. Дајте работите нека се смират, да насочиме енергија да ги стабилизираме состојбите во Фондот, да видиме каде одат огромни средства кои ги има Фондот, зошто имаме едно сито низ кое истекуваат средствата, а не го знаеме патот, па дури тогаш да сметаме дека едно вакво решение кое директно во Фондот ќе внесе големи средства навистина ќе бидат рационално искористени.

Новите сомнежи се такви и затоа јас не можам да дадат поддршка сега. Сметам дека е пребрзо, преизбрзано во многу неповолна клима која владее во Фондот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Топузова, три минути за реплика.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Би сакала да кажам дека дискусијата на колешката Ристана Лалчевска за неправилностите во Фондот, се работи за Министерството за здравство најверојатно се однесуваше на периодот од 1998 до 2002 година затоа што бевме сведоци на потресите кои што тогаш навистина се случуваа во ова Министерство , во Фондот. Значи, дискусијата и е задоцнета, требаше да ја каже некаде најмалку пред 4 години.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** За времето за кое сака да зборува госпоѓата Топузова ниту имало законски рамки да следува вакво решение. Тоа е една работа.

Друго, колку грешат, колку предлагачот греши, а госпоѓата Топузова е подготвена да го поддржи, дури и решението кое се нуди правно не е точно. Тука пушува "во Фондот за здравствено осигурување", веројатно мислат во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување, бидејќи така се поставени работите. Тие пари можат да одат само во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување. Дури и правно неточно решение нудите, а вие госпоѓо Топузова очигледно ќе го поддржите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени други за збор, го заклучувам општиот претрес.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата пред да поминеме на гласање по заклучокот.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Благодарам, во салата имаме 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за здравствена заштита.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 54 пратеници. 48 за, 2 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 50 гласале. 49 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни 50 гласале. 46 за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни 59 гласале. 59 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни 58 гласале. 58 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировната операција во Авганистан**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни 62 гласале. 62 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе .

Мислам дека претходните одлуки се однесуваат за испраќање на наши мировни единици и тоа водови некаде 21, па 90, па 60 во различни состави, во германскиот состав, англискиот состав, грчкиот состав. Ова се работи за наши единици кои што ќе учествуваат во коалиционите сили во операцијата "Слобода за Ирак".

Велиме дека е ова постојана фаза во мировна операција. Мислам дека сите овие случувања што ги имаме во моментот во Ирак не даваат токму една таква слика дека ова е постмировна ситуација затоа што борбата се разгорува и мислам дека тука ќе има допрва проблеми.

Ова што значеше финансиски трошоци неколку пати на ова Собрание се поставени такви прашања и мислам дека ќе беше во ред во овие одлуки да се спомене и она што е направено и ова што се предвидува со испраќањето, затоа што сега веќе имаме еден најголем контингент во однос на се досега што сме испратиле како мировни сили. Да знаеме колку сето тоа ќе ја кошта Армијата на Република Македонија и Буџетот на Република Македонија затоа што во едни од овие одлуки стои дека дел од тие трошоци ги сносат коалиционите сили, другите трошоци ги сноси Република Македонија, но никаде не е дефинирано колку од тоа и кој што треба да плати. Јас мислам дека токму за овие единици што се испраќаат во Ирак во моментот кога многу од парламентите во Европа и членките на Европската унија ги повлекуваат своите единици, мислам дека треба да размислиме и да донесеме една правилна одлука, да знаеме каде ги испраќаме тие единици и што всушност тие треба да работат.

Затоа очекував дека на денешната седница ќе биде присутен министерот и со него ќе можевме да разговараме, но еве тука е заменикот министер, се надевам дека ќе помогне во недоумиците што се јавуваат кај мене како пратеник и ќе ми помогне да ја донесам одлуката во област на испраќањето на овие сили. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучуваам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 59 гласале, 58 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на одлука за испраќање на единица на АРМ за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР Алтеа**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Повелете господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе,

Јас мислев дека е присутен заменикот министер, но еве гледам дека не не удостои со одговор, или пак не сака да одговори. Не знам. Но, според овие одлуки, јас го задржувам моето мислење дека, едноставно ред е, она што пратениците ќе побараат, да одговорите доколку сте во можност.

Од друга страна, за мене лично, едноставно тие акции што беа и што се спроведени, за Авганистан, имаат и некоја оправданост во поглед на мировната активност на нашите единици. Но, овие единици, како што кажав, во постконфликтниот период, или како што викате во миронодопскиот период во Ирак, апсолутно не верувам дека е така, следеејќи ги светските извештаи за она што се случува и знаејќи колку од армиите што учествуваат имаат и трпат загуби во однос на она што се во Ирак. Но, еве сега доаѓаме во ситуација нашите еднинициди да бидат испратени во една од поранешните Југословенски републики. Тоа е Босна и Херцеговина. Тука имаме испраќање на воздухопловни техничари, офицери, пилоти, подофицери, летачи, професионални војници, военовоздухопловни техничари и што за мене е изненадувачки, хелихопетрски детачмант составен од два транспортни хелихоптери М - 8/17, мислам дека тоа е се што има Република Македонија, ако не се лажам, во период од шест месеци. Сега овие единици ги испраќаме во Босна и Херцеговина. Мислам дека треба да се размислува, да бидеме малку попрагматични и поосетливи, кога се работи баш за овие средини. Утре може да се бара наша единица да биде учесник во Косово, или не знам каде. Затоа од сите овде одлуки што ги имавме тука за испраќање на наши војници, во ред се оние за Авганистан. За сите други правилно да се размислува затоа што, говорам и за она што значи понатаму ситуација во која обратното не би го прифатил, како пратеник во Македонскиот парламент.

(Со седницата продолжи да работи Слободан Најдовски потпретседател на Собранието)

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор заменик министерот за одбрана, господинот Талат Џафери.

**Талат Џафери:** Во секој случај сакам на пратеникот да му кажам дека седницата на Собранието не ја водам јас и според редот ако смета дека треба одговор дополнително.

Мислам дека се работи за одлука на Собранието кое впрочем дава можност да се изјаснат пратениците, така како што се изјасnија.

Јас како заменик министер и како претставник на Владата можам да кажам дека нашите единици се врвно обучени и опремени за мисиите во кои, впрочем со ваша одлука ги носиме таму. Тие најпрофесионално си ги извршуваат должностите и најпофално се изразуваат тие во чии контигенти работат.

Ние сме свесни за сите можни и несакани последици, меѓутоа сме свесни и за она, што кажав, за опременоста и обученоста на нашите припадници.

Во однос на Буџетот, мислам дека е дадено она што е општ трошок за нивни престој. Во контигентите каде престојуваат, трошоците си ги сносат носителите на контигентите. На нас како трошок останува само платите и придонесите на платите на припадниците на армијата. Во тој констекст уште еднаш сакам да уверам дека тие луѓе се врвно обучени и успешно си ги извршуваат задачите поставени од нив, а пратениците односно Собранието треба да се гордее со тоа што донесува таква одлука и тие припадници таму ги спроведуваат одлуките на ова Собрание кое всушност и според Уставот е должно да носи одлука за нивниот ангажман.

Нашите определби, според годишната национална програма за членство во НАТО и според последните оценки од Седмиот циклус, што ги добиваме од афторитетите во Брисел, впрочем и денес министерот за одбрана и министерот за надворешни работи се пред НАТО амбасадорскиот совет што ги даваат уште еднаш сите достигнувања и ги земаат и последните сугестии по она што треба да биде наш ангажман во мисиите надвор.

Што се однесува до Алтеа, Република Македонија со добивањето на статус на земја кандидат за членство во НАТО и со определбата да си го сподели нејзиниот придонес кон настојувањата, мисиите во Европа и за Европа се водат од Европа, сметам дека сугестиите, поканата од Генералниот секретар на ЕУ, од надлежниот орган за заедничка надворешна и безбедносна политика, господинот Солана, поканата и можноста да си землеме учество во една мисија во БиХ, што по прв пат надвор од територија на Република Македонија се предводи од Европската унија. Сепак, тоа се капацитети кои си ги исполнуваат условите и предусловите, предвидени и од НАТО и од ЕУ. Впрочем заедничката надворешна и безбедносна политика, зацртана од ЕУ, не е ништо друго туку онаа надворешна политика за ангажман на НАТО. Скоро сите земји на ЕУ се и членки на НАТО. Впрочем тој е придонесот, конкретно со два хелихоптерски детачмента, со перслонал од 17 луѓе. Не е точно дека Република Македонија нема ништо освен овие два хилихоптера. Тоа е чиста дезинформација за јавноста. Тоа е детачментот кој е подготвен за наредните 6 месеци да биде во контигентот на Белгија и да дава свој придонес, како професионално, стручно и материјално, кон мисијата која е предводена од ЕУ.

Уште еднаш ве убедувам дека Министерството за одбрана и Армијата ги имаат сите потенцијали и капацитети успешно да ги извршуваат своите мисии. Одкуката останува на вас овде како пратеници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам потпретседателе.

Господине Џафери и самите вие во вашата дискусија кажавете дека Собранието и ние пратениците сме тие што треба да ја донесеме одлуката, а вие сте тие што предлагате. Затоа мислам дека е во ред, како пратеници. Јас не знам тука колку од моите колеги се информирани. Тука во овие пет одлуки станува збор за некаде од 172 луѓе, ако немам некоја грешка. Значи 170 луѓе за кои вие кажувате дека Македонија ги обезбедува само платите. Тоа е она што тука ние треба да го направиме, значи Собранието. Се работи за Буџетот на Република Македонија, се работи за пари на граѓаните на Република Македонија, се работи за хелихоптери кои се купени од Буџетот на Република Македонија. Се работи за средства за кои кажавме дека во Ирак имаше инцидент за кој Министерството за одбрана само летимично помина се додека не се појавија новинарите да кажат дека тоа се случило. Но, така заврши се, без информација колкава е таа штета, што е оштетено и како е оштетено.

Јас го користам моето право и затоа сакам да ве прашам за да добиеме правилана информација и ние и граѓаните на Република Македонија, а не сето тоа да поминува без никакви извештаи за кои ќе расправаме тука што и како е направено.

Во однос на обученоста и опременоста на нашата армија, апсолутно немам никаков сомнеж и лично сум убеден дека можеби се многу подобри од многу армии кои сега се во составот на НАТО, а ние се уште не сме. Но, и тие кои се во составот на НАТО, нивните парламенти донесуваат одлука за повлекување на нивните единици од овие простори каде ние ги испраќаме. Токму тука се јавува мојата дилема. Апсолутно мислам дека е коректно и дека мораме да расправаме на овој начин. Ако сакаме само да помине одлуката и да кажете дека Собранието ја донесе одлуката тогаш е во ред. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Есад Рахиќ, на претходната дискусија на господинот Спиро Мавровски.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе,

Сакам да кажам неколку збора и лично до господонот Мавровски кој како пратеник многу го ценам. Јасно ми е неговата загриженост. Верувам дека и сите ние имаме таква загриженост, меѓутоа, едноставно мораме да сватиме дека тоа е дел од обврските дека Македонија како држава, земја кандидат за полно правно членство во НАТО и како сојузник во глобалната коалиција за борба против тероризмот, мора да ги преземе.

Дека одбраната е скапа работа и јас се согласувам. Ќе биде уште поскапа.

Зошто некои држави го откажуваат своето членство, иако се членки на НАТО. Тоа го прават затоа што се членки на НАТО . И ние да бевме членка на НАТО можеби можевме така да размислуваме. Сега ние сме на приемен испит. Овој приемен испит ние мораме да го положиме и апсолутно тука не се согласувам дека може во овој момент да размислуваме.

Второ, за нашето учество во Босна и Херцеговина, да кажам, тоа е прва можност нашата земја да учествува во делот на формирањето на европските обранбени сили. Мислам дека таа шанса никако не треба да се пропушти. Во други сегменити треба и понатаму да работиме во делот на приближување на нашите стратешки определби во делот на нашето членство во Евроатланските интеграции. Треба да им се објасни на граѓаните дека безбедноста е скапа работа. Не можеш само да очекуваш бенфити. Некој пат мора нешто и да дадеш. Една од можностите што Македонија минимално може да ги обезбеди е подршката во човечки фактор. И во овој конкретен случај за БиХ, за Алтеа, давање на овие два хилихоптери, со екипаж. Така што, мислам дека во овој момент, лично, а и повеќето колеги пратеници, не можеме и не смееме да помислиме за повлекување на овие наши контигенти.

Ова што го рече колегата Спиро Мавровски и што е потврдено и од нашите претставници на Владата, нашите војници се максимално подготвени во сите сегменти и нормално сите ние посакуваме тие да си ја вршат работата, а да има многу мал процент можност од инциденти. Меѓутоа, бидејќи се тие професионални војници, тоа е и составен дел од нивната работа. Тоа истото може да се случи, не дај боже, и тука на најобична вежба или во секојдневото работење во армијата. Така што јас лично како претседател на Комисијата за безбедност и одбрана и член на некои други комисии од овој сегмент, давам целосна подршка за праќањето на нашите војници во овии мисии.

**Слободан Најдовски:** Благодарам

Една минута контра реплика за пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Почитуван колега Рахиќ, јас знам дека вие ја водите Комисијат за одбрана и можеме да имаме различно размислување за област која можеби не е мој фах, но размислувам како пратеник во Македонскиот парламент.

Очекував да се отвори една голема расправа во однос на онаа што до сега е побарувано од Република Македонија и од наша страна исполнето. Но, јас колку што се сеќавам, а се сеќавам добро една од целите во овие четири години беше дека ние ќе бидеме членка на НАТО. Кога тоа не се случи, во Македонскиот парламет никој не покрена дискусија, да им објасниме на граѓаните и самите да си објасниме овде во Парламентот, бидејќи ги прифаќаме сите овие одлуки, зошто не се случи приемот на Република Македонија во НАТО. Таква ситуација јас не доживеав тука.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Објавувам пауза до 15,00 часот

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,02 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Госпоѓо Ристова имате збор.

**Каролина Ристова:** Ви благодарам господине претседателе на Собранието, почитувани колешки и колеги пратеници, иако можеби заради состојбата која се разви некои од ставовите кои ќе ги изразам ќе бидат повторување и можеби токму заради таа дебата добро е што има тков повторување, меѓутоа, како известител на Комисијата за надворешна политика во име на пратеничката група на СДСМ сакам и во оваа прилика да ја искажам поддршката на нашата пратеничка група по однос на сите овие мировни мисии кои се денеска точки на дневен ред. Заради ефикасност ги спомнувам наеднш, меѓутоа, поводот зошто се јавив токму по однос на Предлог одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировна мисија на ЕУ во Босна и Херцеговина ЕУФОР Алтеа е токму затоа што е ова за прв пат Собранието на Република Македонија да биде соочено со давање или не давање согласност односно гласање за една ваква мисија односно мисија од областа на заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ што е ефективна последица, на некој начин, од нашето стекнување на статус кандидат за членство во ЕУ токму во оваа област и во таа смисла мислам дека е навистина важно да ја изразиме таа поддршка.

Секако во оваа фаза на кандидатура Република Македонија може само да одлучува да се придружи или да не се придружи на одредени политички одлуки од областа на надворешната и безбедносната политика на Унијата која е веќе донесена во самата ЕУ. Секако кога ќе станеме членка ќе бидеме активен политички фактор за креирање на тие одлуки, но мислам дека е сосема јасно и на сите колеги и колешки пратеници, на македонската јавност, најмногу од се на македонските граѓани дека е во интерес на Република Македонија пратениците како народни избраници да поддржат една ваква одлука за испраќање на единиците во рамките на мисијата, со интересен назив, Алтеа.

Секако би сакала, покрај поддршката, да го изразам и нашето уверување дека, доколку оваа мисија помине, нашата Армија на Република Македонија ќе покаже висок степен на успешност во остварувањето на мисијата како што е случајот со нашето учество во мировните операции во Авганистан.

Граѓаните, меѓу другото, ги поддржуваат ваквите мировни мисии односно ги поддржуваат нашите одлуки затоа што се свесни колку е значајна и за постигнување на европските и НАТО стандардите во обучувањето на армиските сили, што секако е во корист и на одбраната и безбедноста на нашата држава. Колку е тоа значајно за меѓународната позиција на Република Македонија односно во меѓународните односи иако како мала земја сепак да биде фактот на меѓународниот мир и безбедност.

Значи, покрај сите оние ризици што ние како бреме и одговорност го носиме дека тоа се ризични операции во кои можат да се изгубат и човечки животи, сепак има и вакви ситуации каде и ваквите одлуки мора да ги донесуваме и за среќа, за сега, такво нешто не се случило, а се надевам дека и понатаму нема да се случува. Сите политички и одбранбени користи се очигледни и поддржани од македонската јавност односно од македонските граѓани.

Тука се отвори легитимното прашање околу поголемата известеност на македонските пратеници за остварување на самите мисии односно нашето учество, тоа прашање го покренавме токму ние за прв пат, ако не се лажам, како пратеничка група на СДСМ и како последица од овие одлуки беше вклучена и посебна точка дека по завршувањето на мисиите такви извештаи ќе се поднесуваат. Јас повторно се придружувам кон барањето оваа обврска Министерството за одбрана односно Владата да си ја сфаќа сериозно, а сите податоци кои ги бараше и мојот почитуван колега Спиро Мавровски по таа логика би биле вклучени во едни вакви извештаи.

На крајот уште еднаш да ја искажам поддршката, сите прашања кои можеме да ги дискутираме тука во однос на оправданоста за учеството и не учеството, мислам дека се јасни, ситуацијата сепак ќе спомнам на крај во однос на учеството на мисијата за Ирак односно мировната мисија во Ирак не може да се суди по некоја аналогија на одлуките што ги носат другите парламенти и влади, бидејќи секоја држава тргнува од својот сопствен внатрешно-политички и меѓународно политички интерес, тоа е случајот и со Република Македонија. За сега мислам дека сме носеле првилна оценка по однос на ова прашање, мислам дека и сега тоа ќе биде случај, а тоа не е врежано во камен и доколку се променат околностите, сигурно ќе можат потемелно да ги земеме тие причини и фактори во предвид, сите сме одговорни политичари, имаме одговорна Влада и сигурно дека нема да се носат одлуки ниту во овој Парламент ниту во Владата што би биле спротивни на интересите на нашата земја и на нашите граѓани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рамадани имате збор.

**Исмет Рамадани:** Благодарам господине претседател.

Јас во контекст на ова што го слушнав до сега и самиот предлог кој е поднесен, мислам дека испраќањето на единица во мировна мисија во Босна и Херцеговина за Република Македонија е чест и почит и всушност оценка дека сепак реформите во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Македонија отишле до таму што некој, сепак, оценил дека мировна единица од Република Македонија треба да учествува во Босна и Херцеговина.

По мои проценки ова е уште поинтересно и за почит отколку оние единици што одат малку

подалеку, со самиот факт што тука сме присутни, во овој регион и никој дефинитивно не помислил дека Република Македонија е дојдена до истанца на развој на демокатијата за испраќање на мировна единица овде во овој регион како што е Босна и Херцеговина. Сигурно тоа е голем плус во насока на реформите кои ќе следат и престижот што ќе го има Армијата или испратената единица таму во самата држава.

Мислам дека треба да се поддржи, многу добра работа е и од сето ова се здобиваме со уште еден чекор напред кон нашите определби за интеграција односно за зачленување во НАТО структурите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да пристапиме кон гласање.

(Минуваат минути на чекање)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат борјот на присутните пратеници.

(Нема доволен број.)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега имаме 61 пратеник.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник гласале 57 од кои 55 за, двајца воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 10.- Предлог на одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2006 година.**

Предлогот на одлуката, исправката на текстот на Предлогот на одлуката и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Предлагачот на Предлогот на одлуката поднесе амандмани за менување на основот на предлогот на одлуката и на член 2 за менување на точка 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Тоа се овие амандмани кои сега се поделени.

Господине Мавровски пред да кажам кој бара збор, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Инаку ќе речете дека доцнам, затоа се пријавив пред време.

**Љупчо Јордановски:** Така треба и другите пратеници.

**Спиро Мавровски:** Добро е како што кажавте и вие господине претседател, само пред една минута се поделени овие два амандмани кои се составен дел на оваа одлука. Претходно имаше повторно неколку амандмани на Предлог-одлуката од Советот за радиодифузија на членот 2, 8, 10, и 16 и овие два амандмани, мислам дека можеби се работи за една неуиграност на Советот за радиодифузија, но ваквата одлука мислам дека е премногу сериозен акт за да можеме да пропуштаме ситуации во кои после тоа последиците на она што сакаме да го направиме сега да имаме фер и демократски избори ќе се случува во Република Македонија.

Значи уште на старт она што го расправавме на Комисијата за транспорт, врски и екологија во кој имавме можност со дел од претставниците на оваа одлука да разговараме, мислам дека забелешките се однесуваат на конкретни работи за ова, еве избори наназад се случува во Република Македонија и ако продолжиме вака мислам дека не одиме во добра насока.

Од една страна бараме нешто што значи рамноправно претставување, регуларни избори и се останато, но имаме ситуација кога изборната кампања според мене е почната недела или две недели пред ова што денес ние го говориме, значи далеку пред оној нормален почеток што треба да се означи на 15 јуни, така што мислам дека и тука треба да најдеме шанса, дали Советот за радиодифузија можеби не со оваа одлука туку со закон ќе треба да интервенира и овие приватни трговски радиодифузни друштва во однос на она што значи изборна кампања и презентирање во моментот на ситуации кои се идентични со она што ќе се случува во изборната кампања, мислам дека поради нивното презентирање и заради тоа добивање финансиски средства постои начин сето тоа да биде санкционирано и за истото да се платат казни.

Од друга страна, имаме една многу интересна ситуација, односно многу од овие трговски радиодифузни друштва и печатени медиуми во државата се приватни и тоа е многу нормално и очекувано за развивање на демократијата во државата, но се случува токму во овие изборни активности дел од тие сопственици да бидат вклучени токму во изборната кампања и да бидат дел од она што ќе се случува за време на изборите, така што уште во старт мислам дека имаме една нерегуларна ситуација. Тоа останува на луѓето од Советот за радиодифузија и ние како Парламент да најдеме закон и начин како сето тоа да биде спречено или да се воведе во некои граници на нормалата, затоа што испаѓа дека секој кој што треба или сака да биде дел од изборната кампања веќе да размислува за свој дневник, свое трговско радиодифузно друштво, радио или телевизија и на тој начин неговата кампања да биде спроведена меѓу граѓаните. На таков начин апсолутно ништо нема да добиеме.

Понатаму, за членот 10: досегашните искуства на Советот за радиодифуција при изготвување на овие правила за изборно медиумско претставување и утврдување на висината на средствата за платената поллитичка програма, сите говориме тука дека сакаме фер, демократски и на некој начин транспарентни избори, на кои ќе се говори за тоа што се случува, колку средства ќе бидат потрошени во изборната кампања. Ако

тоа се пропушти во некои други закони, јас мислам дека е време ова што го бара Советот за радиодифузија за утврдување на платената политичка програма, она што значат ценовници за презентација на истата да бидат дадени уште сега, да имаме регуларно и на некој начин транспарентно и рамномерно претставување на политичките партии, се разбира, оние што сакаат да се претставаат, затоа што имаме ситуација во која одредени трговски радиодифузни друштва за едни партии нудат ценовник кој апсолутно не подлежи на никакви критериуми во однос на минималната цена и кон други политички партии таа цена се движи како да рекламата оди на Си Ен Ен. Таква разлика мислам дека треба да се елиминира. Јас знан дека ова е пазарна економија, но ова е исто така ситуација во која имаме заинтересирани страни во овие медиуми, кои треба рамномерно да бидат претставени и не знам како некој себе си ќе си плаќа за рекламната кампања на сопствената телевизија. Тоа треба да се види.

Од друга страна, не знам кои се санкциите во членот 14, дали вие ќе бидете како полилтичка партија по сите правила рамномерно претставени, затоа што во законот за презентација и во законот за она што значеше парламентарни избори има избалансирано покривање на активностите од изборната камапња. Дали за ова се предвидени казнени одредби и кој е тоа што ќе го утврди сето тоа, односно дали до сега се применети вакви средства врз основа на она што е презентирано на такви програми, без разлика дали се локални или трговски радиодифузни друштва во однос на целата држава.

Многу интересна е ситуацијата со прашањата за информативните програми, кои за разлика од другите држави во Република Македонија почнувајќи од 17,00 часот и завршувајќи со 24,00 часот, тие информативни емисии се сведуваат само на коментари и коментари на уредници, главни уредници и новинари, а не на она што значи информативна програма. Значи информацијата како што оди во сите оние светски весници знаеме кога е коментар и зад тој коментар стои човек со име и презиме. Овде ако еден настан го коментираат три или четири трговски радиодифузни друштва, ќе добиете слика дека се работи за сосема различен настан, и покрај тоа што е еден и единствен. Значи немаме ситуација во која што имаме информација. Под информација разбирам она што се случува да биде презентирано без никаков коментар и тоа е информација, а сето друга се коментари. Тука во изборната програма е предвидено токму тоа, дека треба да се почитуваат професионалните новинарски принципи и стандарди. Таква ситуација на која ќе се повикате е апсолутно многу помширока и во закон неприменливо според мене, тоа ќе биде многу тешко да се санкционира или да не се санкционира.

Понатаму членот 32, кој што беше поврзан со членот 34, во кој и сега е многу актуелно во сите пишани медиуми и телевизии, расправаме за некои анкети. Тие анкети се коментираат на големо, сето тоа некогаш се вади од контекст, се добиваат некои многу искривени испитувања и резултати кои го креираат јавното мислење. Сега имаме ситуација во која пишуваме дека такви анкети ќе можат да се објават од некој што стои како агенција или институција која го прави тоа, а не може од оној кој направил преку телефон, анкети на интернет или незнам какви други со некој нерепрезентативен примерок.

Ќе ве потсетам и ќе ги потсетам ггграѓаните на Република Македонија само на една ситуација. Во текот на синоќешниот референдум во Црна Гора - забравивме да им честитаме на црногорците за својата независност - се случи она што беше испитување на јавното мислење да дојде во прашање дека еден процент е многу во однос на крајниот резултат и испитувањето на анкетата што треба да се направи. За жал, кај нас се случуваат ситуации во која не еден процент, се промашува за 40% и кажуваме дека таа институција е квалификувана и ние ќе ги објавиме нејзините резултати. Било каде во светот после тоа завршува приказната со такви институции кои даваат неточни информации и едноставно се гледа намерата и на медиумот кој што го прави тоа и институцијата која работи за таква ситуација. Мислам дека тука треба да најдеме начин како сето ова да се елиминира и според мене ваквите известувања само прават една напната ситуација, во една ситуација во која можеби резултатите ќе бидат тесни, ќе доведе само до една засилена тензија. Апсолутно друго ништо не се добива во однос на она што треба да биде и со членот 32 и со членот 34.

Многу интересна ситуација: членот 31 кој што го опфаќа изборниот молк и во кој што, барем досега и покрај тоа што еве досега не знам колку декларации потпишаа политичките партии дека ќе има фер, демократски избори, дека ќе се почитуваат основните правила на однесување, ние стигнуваме во она многу тешка ситуација, последниот ден пред молкот може да се изнесат такви невистини и се изнесуваат, со тоа што, бидејќи имате вие право после 24 часа тоа да го изнесете, веќе почнува во 24,00 изборниот молк. Тука приказната завршува. Тоа што е кажано останува на совеста на оној што го кажал, или пак после тоа следи судски процес кој што ќе заврши или нема да заврши после шест месеци или една година. Мислам дека тука мораме да најдеме начин како ова сето да се регулира. Затоа јас гледам дека и господата од Советот за радиодифузија, затоа што еве и денеска само пред неполни пет минути добивме два други амандмани, сеуште има дилеми и јас ги имам истите дилеми. Мислам дека немаме опфатено се со оваа одлука и не очекувам дека оваа одлука може да биде таков документ, со кој што ќе регулираме се. Но јас мислам дека мора да се најде начин наредниот парламентарен состав да

донесе посебен закон и за информирање и за финансирање и сето тоа, на крај во оваа одлука мислам дека требаше да има казнени одредби со кои оваа одлука би добила на тежина. Вака одлуката како одлука, исто како сите декларации што ги потпишаа сите политички партии, ќе биде во ситуација декларативно дека сме сите за фер и демократски избори, но јас уште еднаш ќе кажам дека политичките партии се тие што ја носат најголемата одговорност и се надевам дека овој пат ќе бидат на висината на задачата, еднаш да направиме регуларни избори. Мислам дека и во оваа одлука стојат уште преправки, но тоа е што е, ќе мора да ја донесеме и ваква, со тоа што за санкционирањето ќе треба да се повикуваме на Законот за радиодифузија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да дојдат, да се појават на работно место.

Ги молам пратениците да дојдат. Инаку, како што знаете, поради предизборниот период, денес како и порано ќе работиме до 17,00 часот. Затоа ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во салата).

Благодарам.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, гласале 60 пратеници, 59 пратеници гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на Осмата точка - Предлози за разрешување на судии на Основните судови во Кичево, Тетово, Гостивар, Радовиш, Скопје 1 - Скопје и Скопје 2 - Скопје.**

Предлозите за разрешување ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Кирил Миладиноски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Кичево.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Кирил Миладиноски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Кичево го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Бидејќи е голема разликата до 61, ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата, затоа што само 45 пратеници гласале.

(По утврдувањето на бројот од страна на службите).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Гласањето го поништувам, бидејќи сме 59 пратеници присутни во салата.

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум).

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот Кирил Миладиновски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Кичево го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 53 пратеници, 52 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Кирил Миладиновски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Кичево.

Отворам претрес по предлогот Ќани Абдули да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Тетово.

Кој бара збор. (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ќани Абдули да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 41 пратеник, 39 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Ќани Абдули не е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Тетово.

Процедурално господино Макрадули.

**Јани Макрадули:** Согласно Деловникот за работа на Собранието бидејки разликата во гласањето е помалку од 5 гласа, барам поедиенчно гласање во име на пратеничката група.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е така господа пратеници кога не гласате.

Ова е разрешување заради тоа што судиите станале извршители? Ве молам, да дадете објаснување.

Повелете госпоѓо Софрониевска, ако можете да објасните какво е ова разрешување.

**Ленче Софрониевска:** Предлогот за разрешување на судијата е поради нестручно и несовесно работење и тој предлог е поделен на сите пратеници. А се однесува на незаконито работење при регистрација противправна на возила со пресуди врз основа на признание.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е дополнително објаснување.

Ве молам да пристапиме кон поединечно гласање.

**Фелек Касами:**

| | |
|---|---|
| Абдилаќим Адеми | - против |
| Рафис Алити | - против |
| Иван Анастасовски | - воздржан |
| Стојан Андов | - отсутен |
| Ана Андова | - за |
| Борко Анѓелкоски | - за |

Петар Апостолов - за
Никола Апостоловски - за
Јусуф Арифи - отсутен
Теута Арифи - отсутна
Славе Арсоски - отсутен
Фатмир Асани - отсутен
Али Ахмети - отсутен
Љупчо Балкоски - отсутен
Назми Беќири - за
Наташа Биковска - за
Ристе Бислимовски - отсутен
Сашо Богданоски - за
Силвана Бонева - воздржана
Зеррин Абаз - за
Љубе Бошкоски - отсутен
Абдулади Вејсели - отсутен
Фазли Велиу - отсутен
Јанаќе Витановски - за
Цветанка Гашоска - за
Љубчо Георгиевски - отсутен
Михајло Георгиевски - за
Благоја Гешоски - за
Кире Гештаковски - за
Тома Глигоријевски - за
Благој Голомеов - за
Славица Грковска - отсутена
Никола Груевски - отсутен
Назлие Даути - за
Замир Дика - отсутен
Ангел Димитров - за
Киро Дојчиноски - за
Сашо Дохчев - за
Ванчо Ѓоргиев - отсутен
Драган Ѓорѓиев - за
Марјан Ѓорчев - отсутен
Андреј Жерновски - за
Љубисав Иванов-Ѕинго - отсутен
Цветанка Иванова - за
Лилјана Ивановска - за
Игор Ивановски - отсутен
Владо Илиевски - отсутен
Цветле Јанеска - за
Аднан Јашари - отсутен
Љупчо Јордановски - за
Никола Б. Камчев - за
Жарко Караџоски - отсутен
Сашко Кедев - отсутен
Добре Рековски - за
Илија Китаноски - отсутен
Марија Којзеклиска - отсутна
Борис Кондарко - за

Емилија Костадинова - за
Чедомир Краљевски - за
Зоран Крстевски - отсутен
Ристана Лалчевска - не гласа
Соња Лепиткова - отсутна
Спиро Мавровски - отсутен
Јани Макрадули - за
Ефтим Манев - отсутен
Ружди Матоши - отсутен
Љупче Мешков - не гласал
Благородна Мингова - Крепиева - отсутна
Милка Митковска - не гласа
Јордан Михајловски - за
Рафет Муминовиќ - за
Неждет Мустафа - за
Слободан Најдовски - за
Џевдет Насуфи - отсутен
Петар Наумовски - отсутен
Мите Николов - за
Ѓорѓи Оровчанец - отсутен
Гзим Острени - отсутен
Ѓорге Паљошковски - отсутен
Владо Паунков - за
Ангелка Пеева-Лауренчиќ - за
Ристо Пејоски - отсутен
Борче Петковски - за
Тито Петковски - отсутен
Каме Петров - за
Лилјана Поповска - отсутна
Коста Прешоски - за
Исмет Рамадани - за
Есад Рахиќ - за
Каролина Ристова - за
Ејуп Рустеми - за
Селвије Салиу - отсутна
Ганка Самоиловска - Цветанова - отсутна
Гајур Сарач - за
Ацо Спасовски - за
Илија Србиновски - воздржан
Ванчо Стаменков - за
Славица Станковска - за
Иван Стоилковиќ - отсутен
Блаже Стојаноски - отсутен
Нелко Стојаноски - за
Тасим Сулејманоски - за
Мендух Тачи - отсутен
Зоран Томиќ - отсутен
Роза Топузова - Каревска - за
Ѓорѓи Трендафилов - отсутен
Томе Тромбев - за
Аднан Ќахил - отсутен

Никола Ќуркчиев - отсутен
Александар Флоровски - за
Илјаз Халими - отсутен
Семијал Хасани - за
Ќенан Хасипи - отсутен
Хусеини Хусеинџеват - за
Слободан Чашуле - отсутен
Агим Џелили - отсутен
Зиди Џелили - отсутен
Драго Шајноски - отсутен
Исни Шаќири - воздржан
Џезаир Шаќири - отсутен

**Љупчо Јордановски:** Резултатите се следни. Од 68 присутни пратеници во салата 65 гласале, 56 гласале за, против 2, воздржани 4 пратеници.

Констатирам дека Ќани Абдули е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Тетово.

Отворам претрес по предлогот Никола Ристоски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Тетово.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Благодарам.

Ги молам пратениците да седнат.

Сега сме 62 пратеници.

Предлогот Никола Ристоски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 присутни, 54 гласале, 51 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека Никола Ристоски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Тетово.

Отворам претрес по предлогот Лилјана Буреска да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Гостивар,

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Софрониевска вие баравте збор?

**Ленче Софрониевска:** Јас побарав збор за да објаснам по претходната точка, веќе ја завршивте, но инаку, заради појаснување, сега во Гостивар и во Радовиш се предлага разрешување заради исполнети услови за пензија.

Пред тоа не ме видовте и не ми дадовте збор.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Мислам дека би требало, кога доаѓаат нови услови да се објаснат. Инаку, очигледно е дека не сме расположени да ги читаме предлозите.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лилјана Буреска да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 присутни, 52 гласале, 52 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Лилјана Буреска е разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Гостивар поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Славчо Милев да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Радовиш, кој исто така ги исполнува условите за старосна пензија.

Кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Славчо Милев да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Радовиш го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

63 присутни, 52 гласале, 51 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Славчо Милев е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Радовиш поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Христо Јованов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд Скопје I-Скопје, тоа е по негово лично барање.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Софрониевска.

**Ленче Софрониевска:** Само сакам да објаснам дека наредните четворица колеги се по лично барање. Тројца, заради тоа што се именувани за извршители, според новиот Закон за извршување, а едниот заради самостојно престанување на функцијата, во текот на денешниот ден објасни зошто функцијата му престанува, бидејќи тој ја напушти функцијата заради следење на своето семејство во странство.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Значи, нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Христо Јованов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд Скопје I-Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 53 гласале, 53 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Христо Јованов е разрешен од функцијата судија на Основниот суд Скопје I-Скопје, по лично барање.

Отворам претрес по предлогот Снежана Фитеска да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје I-Скопје, по лично барање.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Педлогот Снежана Фитеска да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје I-Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 50 гласале, 50 за, нема воздржани, нема против.

Коснтатирам дека Снежана Фитеска е зрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје I-Скопје, по лично барање.

Отворам претрес по предлогот Дејан Костовски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд Скопје I-Скопје.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Педлогот Дејан Костовски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд Скопје I-Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни, гласале 50, сите 50 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Дејан Костовски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд Скопје I-Скопје.

Отворам претрес по предлогот Верица Велкова да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Скопје II-Скопје по лично барање.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Верица Велкова да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Скопје II-Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 51 гласале, 51 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Верица Велкова е разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Скопје II-Скопје по лично барање.

**Минуваме на точката 12-Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По објавувањето на резултатите од гласањето).

Молам службите нека го утврдат сепак бројот на пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на пратеници во салата).

Го поништувам гласањето бидејќи се 59 присутни во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, тие кои излегле нека влезат, потребен ни е уште еден пратеник.

Десетте минути за кворум течат.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Молам, службите нека го утврдат бројот уште еднаш.

(Службите го утврдуваат бројот).

Иште еден пратеник ако може да се обезбеди, и онака имаме уште 45 минути работа бидејќи во 17,00 часот прекинуваме.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Благодарам.

Благодарам, сега сме 62 пратеници.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 56 гласале, 55 за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Гостивар се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 13-Предлог на одлука за именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мајка Тереза".**

Ги молам пратениците да седнат на своите места. Нема светот да пропадне, ниту било какви партиски активности за 15 минути.

Предлогот на одлуката ни е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Господине Караџоски повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Јас се јавив процедурално, во име на пратеничката група сакам да побарам еден час пауза заради одредени активности што ги имаме на ниво на пратеничка група.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Прво ќе го завршиме гласањето бидејќи нема пријавени за збор, па потоа ќе ја дадам таа пауза, и онака планирав, бидејќи се мачиме со кворумот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни гласале 55, сите 55 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мајка Тереза".

Почитувани пратеници, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,19 часот).